**Кон барањето за издавање или продолжување на дозволата за привремен престој на странец што подолго време има статус на резидент во друга држава членка на Европската унија, а во Република Словенија ќе престојува само заради студирање или заради други основани причини треба да се приложи:**

- фотографија на странецот или референтниот број од електронскиот клипборд на фотографии;
- патна исправа или заверена фотокопија од патната исправа на странецот;
- доказ за соодветно здравствено осигурување што ги покрива барем итните здравствени услуги во Република Словенија, кога странецот ќе наведе дека не е задолжително здравствено осигурен во Република Словенија;
- доказ дека има доволно средства за издржување;
- уверение од кривичната евиденција од матичната држава на странецот, во случај кога се издава првата дозвола, а во останатите случаи само ако тоа го бара органот.

**Во случај на барање за издавање или продолжување на дозволата за привремен престој заради студирање**

- доказ за прием во јавно одобрена образовна или студиска програма односно доказ за стручно усовршување, специјализација или практично оспособување што го издала обрзовната организација, каде што странецот е примен односно потврда за прием од надлежниот државен орган што е надлежен за реализација на меѓународниот договор или од давателот на стипендија односно потврда за прием што ја издава овластената организација одговорна за спроведување на утврдената програма.

**Во случај на барање за издавање или продолжување на дозволата за привремен престој заради други основани причини**

- доказ за основанос за престојување во Република Словенија.

**Во постапката, органот по службена должност ќе ги добие следниве податоци:**

- за задолжително здравствено осигурување во Република Словенија, кога странецот како доказ за здравствено осигурување ќе наведе дека тој е задолжително здравствено осигурен во Република Словенија;
- од кривичната евиденција и евиденцијата за правосилните пресуди односно за решенијата за прекршоци што ги води Министерството за правосудство во Република Словенија;
- од евиденциите за правосилните одлуки за сторените прекршоци што ги водат прекршочните органи во Република Словенија;
- за поднесените обвинителни акти што влегле во правна сила и за издадените неправосилни пресуди што ги води надлежниот суд;
- од евиденциите што ги води даночниот орган за втасаните ненамирени даночни обврски и за даночните прекршоци што се означени како даночна тајна.

**Информации во врска со заштита на личните податоци:**

- личните податоци од образецот се наменети исклучиво за издавање на дозволата за престој и истите се обработуваат во согласност со член 93 од Законот за странци;

- органот има право да побара и други податоци ако тоа е во ваш интерес и ако со тоа се согласувате или ако тоа го допушта законот, а согласноста што сте му ја дале на органот може да ја отповикате кога било;
- ако се исполнети пропишаните услови, вие имате право да се запознаете со сопствените лични податоци, право да побарате ограничување на обработката и право на приговор против обработката;
- имате право да проверите дали вашите лични податоци што се внесени во дозволата за престој се точни и право да барате нивна измена или нивно бришење доколку се исполнети пропишаните услови за тоа;
- управувачот ги чува вашите податоци во согласност со член 115 од Законот за странци;
- контакт на овластеното лице - официр за заштита на личните податоци во Министерстворо за внатрешни работи: електронска адреса: dpo.mnz@gov.si;
- ако мислите дека вашите податоци се обработуваат незаконски имате право да поднесете жалба до Информацискиот повереник.